Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца-детска градинка СРЕЌНИ НАСМЕВКИ
Бр. 04-195/1
17.07.2025 год.
Босилово

Република Северна Македонија

Јавна општинска установа за деца детска градинка
СРЕЌНИ НАСМЕВКИ
Босилово

Врз основа на член 20-г став 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20) и член 134 став 5 и 6, член 142 и 143 од Законот за заштита на деца (Сл.весник на РМ бр.23/13, 12/14.....198/18 и Сл.весник на РСМ бр.104/19, 146/19.....17/25), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Среќни насмевки„ Босилово со арх.бр.01-07/1 од 29.03.2021година, ЈОУДГ Среќни насмевки Босилово објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ - 01/2025**

**за вработување на неопределено време на 1 лице како давател на услуги и 1 лице како помошно технички персонал, за потребите од вршење на основната дејност на ЈОУДГ СРЕЌНИ НАСМЕВКИ Босилово за следните работни места:**

1. **еден (1) извршител на работно место Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст -приправник- ДЕ30303В04001**
2. **еден (1)извршител на работно место Хигиеничар -ДЕ30401А01004**

**Општи услови кои важат за сите кандидати:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да е физички и психички здрав;
- Да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување

1. ДЕ30303В04001- **Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст -приправник - Воспитно -згрижувачка служба; Оддел на воспитувачи**; еден (1)извршител

**Посебни услови:**

- Ниво на квалификациите со најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен - Дипломиран професор по предучилишно

воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание или дипломиран педагог

- Важечка лиценца за воспитувач
- со и без работно искуство

Рапоред на работно време:

- Работни денови Понеделник-Петок
- 30 часа работно време поминато со децата и 10 часа работно време за други програмски активности неделно
- Во две смени од 06:30 до 14:30 часот и од 08:30 до 16:30 часот

Паричен нето износ на плата: 35.152,00 денари

2. ДЕЗ0401А01004– **Хигиеничар - Помошно-технички оддел – Помошно технички лица за одржување на објекти и опрема; еден (1)извршител**

**Посебни услови:**

- најмалку ниво на квалификации I (основно образование) или средно образование - средно земјоделско, гимназија
- со и без работно искуство

Рапоред на работно време:

- Работни денови Понеделник-Петок
- 40 работни часови неделно
- Работно време од 09:30-17:30 часот

Паричен нето износ на плата: 26.894,00 денари

Рокот за доставување на пријава за вработување е 5 работни дена од денот на последното објавување на огласот.

Пријавата и задолжителните докази за исполнување на условите за вработување (наведени во пријавата) да се доставaт во хартиена форма, пакувани во коверт, со назнака „за оглас бр.01/2025", на адреса ЈОУДГ„Среќни насмевки"Босилово, с.Босилово бр.405, 2431 Босилово.

Пријавата за вработување може да се подигне од ЈОУДГ„Среќни насмевки"Босилово или да се превземе од веб страната на Општина Босилово:www.opstinabosilovo.gov.mk

Ненавремени и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Постапката за селекција ќе биде спроведена во следните фази: проверка на комплетност на пријавата и доказите, административна селекција и интервју;

Директорот формира комисија за селекција за вработување, која ќе изврши проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и

административна селекција и во рок од пет дена по завршувањето на административната селекција, преку емаил или телефон за контакт наведени во пријавата се закажува ден , час и место каде ќе спроведе интервју.

По завршената административна селекција и интервјуто комисијата составува ранг листа која во рок од пет дена му ја доставува на директорот и му го предлага прво рангираниот кандидат на директорот.

Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од осум дена по приемот на ранг-листата од комисијата за селекција, која се објавува на огласната табла на установата и на веб страната на Општина Босилово: www.opstinabosilovo.gov.mk.

ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово
Директор
Македонка Гоцева